Република Северна Македонија
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 09-323/1
21.01.2020 година

ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА СТРУМИЦА
ОВЛАСТЕН ОПШТИНСКИ ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОР

# ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА
# С Р Е Д Н И О Т   У С П Е Х   Н А   У Ч Е Н И Ц И Т Е
# ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА СТРУМИЦА
# на крајот од ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ и крајот од НАСТАВНАТА

***2018/19 година***

Струмица, јануари 2020 година

Визија на стратегијата за развој на образованието во општина Струмица 2015-2020

„Образованието е темел за слободата и интегритетот на граѓаните“

## 1.ВОВЕД

Со донесената стратегија за образование на општина Струмица за периодот 2015-2020 година, беа одредени повеќе стратешки приоритети, меѓу кои посебно значење беше посветено на развојот на знаењата, вештините и интегритетот на учениците во воспитно-образовниот процес, воспоставување современи услови и практики во образовниот систем на општината, едукација и стручно усовршување на воспитно-образовниот кадар, зголемување на инвестициски вложувања и зголемување на соработката меѓу факторите во воспитно-образовниот процес.

Општина Струмица, како основач на основните училишта е заинтересирана да ги следи постигнувањата на учениците преку нивниот успех постигнат преку училишното оценување во текот на учебната година. Истражувања во оваа област на општинско ниво се спроведени во неколку претходни наставни/учебни години, преку што се добиени одредени показатели за споредбата на покажаниот успех на учениците во два класификациони периоди-крајот на полугодие и крајот на наставната/учебната година. За таа цел е спроведено и ова истражување, да се добие сознание за постигнатиот успех на учениците од шесто до деветто одделение, по повеќе наставни предмети и да се изврши споредба на ниво на сите училишта на територијата на општина Струмица со состојба од крајот на првото полугодие и крајот од наставната 2018/19 година.

Преку заеднички активности на училиштата и општината како нивен основач, се развиваат и унапредуваат процесите за квалитет во образованието на сите нивоа. Обезбедувањето на оптимално тековно одржување и интервенции во капиталните инвестиции, превозот на учениците, загревањето на објектите, административно-техничката и логистичка поддршка, јакнењето на соработката во меѓуетничката интеграција, инклузивното образование и други форми на дејствување кои општина Струмица ги препознава во меѓусебната поврзаност со воспитно-образовните институции, придонесуваат до подобрени услови за работа и постигнување подобри резултати во работењето на основните училишта.

Во Законот за основно образование*, донесен во месец август 2019 година, е утврдено дека „На предлог на Бирото за развој на образованието (во натамошниот текст: Бирото) и на

Државниот испитен центар, министерот за образование и наука (во натамошниот текст: министерот) донесува стандарди за утврдување на квалитетот во основното образование“.

Целите на основното воспитание и образование утврдени во новиот закон за основно образование, особено се посветени кон обезбедување целосен опфат во воспитно-образовниот процес и одговарање на разновидните потреби на сите ученици преку обезбедување суштинско учество на сите ученици во него, обезбедување системски пристап за поттикнување на когнитивниот, социо-емоционалниот и психомоторниот развој на ученикот согласно со неговите развојни карактеристики, потенцијали и афинитети, постигнување на националните стандарди за учениците во основно образование од подрачјата: јазична писменост, изучување други јазици, математика, природни науки и технологија, дигитална писменост, личен и социјален развој, демократска култура и граѓанство, претприемништво и финансиска писменост како и уметничко изразување, култура и мултикултура, развивање самодоверба и свест кај ученикот за сопствената индивидуалност и одговорност за своите постапки, воспитување за почитување на различностите, соработка, почитување на различноста, основните човекови слободи и права, развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување на македонски јазик и неговото кирилско писмо, развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување, покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазик и писмо на припадниците на заедниците кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик, развивање свест кај учениците за припадност на Република Северна Македонија и негување на националниот, граѓанскиот, етничкиот и културен идентитет, подготвување на ученикот за одговорен живот во слободно, граѓанско и демократско општество, развивање на способности и вештини за истражување, експериментирање и решавање на проблеми, стекнување општи и применливи знаења и вештини што се потребни во секојдневниот живот или за натамошно образование, оспособување за натамошно образование и доживотно учење, поддршка на талентирани и надарени ученици во различни области и унапредување на здравиот начин на живеење и воспитување за преземање одговорност за сопственото здравје и за заштита на животната средина.

За да се исполнат очекувањата на утврдените цели, основното образование треба да се развива врз повеќе утврдени начела, кои се однесуваат на најдобриот интерес и целосен развој на ученикот, еднаквост, достапност, пристапност и инклузивност, општообразовен карактер на основното образование, обезбедување на квалитет на образованието и меѓународна споредливост на знаењата на учениците, активно учество на учениците во животот на

училиштето и заедницата, подготвување на ученикот за доживотно учење, унапредување на сличностите и прифаќање на различностите, интеркултурност, мултикултурализам, интеркултурализам и мултикултурност, грижа за физичка безбедност и здравје, автономност, компетентност и одговорност и партнерство помеѓу училиштето, родителите, односно старателите и единиците на локалната самоуправа.

Сите активности во образованието треба да се насочени кон постигнување на целите што системот ги поставил. Ако досега се бараше само повисока оценка, предизвикот на 21-от век доведува до единствена согласност за тоа какви компетенции треба да развие младиот човек што денес се наоѓа во образовниот систем и треба да биде активен граѓанин во средината на овој век. Планирањето на оценувањето и очекуваните резултати мора да бидат дел од планирањето на секој наставник за секој поединечен час, опфаќајќи критичност, креативност и флексибилност на мислата, животни, професионални и комуникациски вештини, свеста и грижата за себеси и околината, одржливиот развој, а сето тоа поврзано со педагошките приоди во наставата, учењето и оценувањето. Кога за учениците се познати целите што треба да се постигнат, очекуваните резултати ќе бидат реални, објективни и правилно оценети.

Во делот од теоретските начела, принципи, одредби или основи за оценувањето и постигањата на учениците, во наставните програми се поставени целите и очекувањата, а во секој годишен извештај и годишна програма на секое основно училиште постојат соодветни одредби, приоритети, статистички показатели, споредбени анализи или заклучоци кои се однесуваат на оценувањето и постигањата на учениците. За оценувањето на постигањата на учениците во истражувањето се наведени делови од наставните програми за поединни наставни предмети. Од годишните извештаи и програми на училиштата, превземени се делови кои се однесуваат на оценувањето на постигањата на учениците.

## 2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 2.1. Предмет на истражувањето

Истражувањето го третира постигнатиот општ среден успех на учениците од шесто, седмо, осмо и деветто одделение по повеќе наставни предмети во основните училишта во општина Струмица, со состојба на крајот од првото полугодие и крајот од наставната 2018/19 година. Споредбено е третиран и средниот успех постигнат од ученичките по тие наставни предмети.

### 2.2. Целна група

Ученици од шесто до деветто одделение од општинските основни училишта од општина Струмица:„**Видое Подгорец**“-Струмица; „**Сандо Масев**“-Струмица; „**Никола Вапцаров**“-Струмица; „**Маршал Тито**“-Струмица; „**Герас Цунев**“-Просениково; „**Маршал Тито**“-Муртино; „**Св. Кирил и Методиј**“-Дабиља; „**Даме Груев**“-Куклиш и „**Гоце Делчев**“-Вељуса.

Вкупниот број на ученици за кои во учебната 2018/19 година е извршено истражувањето на крајот од првото полугодие изнесува 2008, од кои 1013 се женски, а на крајот од наставната година вкупниот број на ученици бил 2002, од кои 1009 биле женски. Во табелите 1 и 2 се претставени податоци на вкупниот број на ученици (машки и женски) со состојба на крајот на првото полугодие и крајот на наставната 2018/19 година, а во табелите 3 и 4 се претставени податоци на вкупниот број на ученички со состојба од првото полугодие и наставната 2018/19 година.

| Назив и место на ООУ | VI | VII | VIII | IX | VI-IX |
|---|---|---|---|---|---|
| САНДО МАСЕВ-СТРУМИЦА | 118 | 114 | 113 | 144 | **489** |
| ВИДОЕ ПОДГОРЕЦ-СТРУМИЦА | 113 | 75 | 86 | 115 | **389** |
| НИКОЛА ВАПЦАРОВ-СТРУМИЦА | 98 | 79 | 89 | 99 | **365** |
| МАРШАЛ ТИТО-СТРУМИЦА | 64 | 63 | 61 | 43 | **231** |
| МАРШАЛ ТИТО-МУРТИНО | 53 | 46 | 49 | 33 | **181** |
| ГЕРАС ЦУНЕВ-ПРОСЕНИКОВО | 41 | 27 | 23 | 34 | **125** |
| ДАМЕ ГРУЕВ-КУКЛИШ | 40 | 37 | 28 | 35 | **140** |
| Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ-ДАБИЉЕ | 15 | 16 | 18 | 20 | **69** |
| ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ-ВЕЉУСА | 3 | 5 | 3 | 8 | **19** |
| ВКУПНО ЗА СИТЕ ООУ: | 545 | 462 | 470 | 531 | **2008** |

**Табела 1**: *Вкупен број на ученици од шесто-деветто одделение на* ***крај од прво полугодие во учебната 2018/19 година***

| Назив и место на ООУ | VI | VII | VIII | IX | VI-IX |
|---|---|---|---|---|---|
| САНДО МАСЕВ-СТРУМИЦА | 117 | 114 | 114 | 142 | **487** |
| ВИДОЕ ПОДГОРЕЦ-СТРУМИЦА | 112 | 74 | 86 | 115 | **387** |
| НИКОЛА ВАПЦАРОВ-СТРУМИЦА | 99 | 79 | 89 | 99 | **376** |
| МАРШАЛ ТИТО-СТРУМИЦА | 63 | 64 | 60 | 43 | **230** |
| МАРШАЛ ТИТО-МУРТИНО | 53 | 47 | 48 | 33 | **171** |
| ГЕРАС ЦУНЕВ-ПРОСЕНИКОВО | 42 | 26 | 23 | 34 | **125** |
| ДАМЕ ГРУЕВ-КУКЛИШ | 40 | 37 | 28 | 35 | **140** |
| Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ-ДАБИЉЕ | 15 | 16 | 17 | 20 | **68** |
| ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ-ВЕЉУСА | 3 | 5 | 3 | 7 | **18** |
| ВКУПНО ЗА СИТЕ ООУ: | 544 | 462 | 468 | 528 | **2002** |

**Табела 2**: *Вкупен број на ученици од шесто-деветто одделение на крај од* ***наставната 2018/19***

| Назив и место на ООУ | VI | VII | VIII | IX | VI-IX |
|---|---|---|---|---|---|
| САНДО МАСЕВ-СТРУМИЦА | 50 | 63 | 62 | 73 | 248 |
| ВИДОЕ ПОДГОРЕЦ-СТРУМИЦА | 58 | 36 | 43 | 57 | 194 |
| НИКОЛА ВАПЦАРОВ-СТРУМИЦА | 59 | 36 | 47 | 47 | 189 |
| МАРШАЛ ТИТО-СТРУМИЦА | 30 | 30 | 28 | 21 | 109 |
| МАРШАЛ ТИТО-МУРТИНО | 25 | 23 | 20 | 18 | 86 |
| ГЕРАС ЦУНЕВ-ПРОСЕНИКОВО | 14 | 14 | 15 | 21 | 64 |
| ДАМЕ ГРУЕВ-КУКЛИШ | 21 | 19 | 15 | 19 | 74 |
| Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ-ДАБИЉЕ | 5 | 8 | 12 | 11 | 36 |
| ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ-ВЕЉУСА | 0 | 3 | 2 | 8 | 13 |
| ВКУПНО ЗА СИТЕ ООУ: | 262 | 232 | 244 | 275 | 1013 |

**Табела 3:** *Вкупен број на ученички од шесто-деветто одделение на* ***крај од прво полугодие во учебната 2018/19 година***

| Назив и место на ООУ | VI | VII | VIII | IX | VI-IX |
|---|---|---|---|---|---|
| САНДО МАСЕВ-СТРУМИЦА | 49 | 63 | 62 | 73 | 247 |
| ВИДОЕ ПОДГОРЕЦ-СТРУМИЦА | 57 | 35 | 43 | 57 | 192 |
| НИКОЛА ВАПЦАРОВ-СТРУМИЦА | 59 | 36 | 47 | 47 | 189 |
| МАРШАЛ ТИТО-СТРУМИЦА | 31 | 30 | 27 | 22 | 110 |
| МАРШАЛ ТИТО-МУРТИНО | 25 | 23 | 19 | 18 | 85 |
| ГЕРАС ЦУНЕВ-ПРОСЕНИКОВО | 14 | 14 | 15 | 21 | 64 |
| ДАМЕ ГРУЕВ-КУКЛИШ | 21 | 19 | 15 | 19 | 74 |
| Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ-ДАБИЉЕ | 5 | 8 | 12 | 11 | 36 |
| ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ-ВЕЉУСА | 0 | 3 | 2 | 7 | 12 |
| ВКУПНО ЗА СИТЕ ООУ: | 261 | 231 | 242 | 275 | 1009 |

**Табела 4:** *Вкупен број на ученички од шесто-деветто одделение на* ***крај од наставната 2018/19 година***

## 2.3 Цели на истражувањето

-општина Струмица, како основач на основните и средните училишта во општината, да добие одредена слика за постигнатиот среден успех по повеќе наставни предмети на учениците од основното образование во општина Струмица, за да се направи споредба по основни училишта за постигнатиот успех на учениците по повеќе наставни предмети во два различни класификациони периоди-крај на прво полугодие и крај на наставна година;

-да се информираат училишните одбори, советите на родители и стручните органи и тела од основните училишта од општина Струмица, за постигнатиот среден успех на учениците;

-да се согледа важноста на следењето, проверувањето и оценувањето на учениците во основните училишта, особено преку примената на формативното и сумативното оценување;

-добиените показатели да се користат како отворени прашања за трибини, дебати и советувања во врска со оценувањето и постигањата на учениците.

## 2.4. Користен инструмент во истражувањето

Како инструмент во истражувањето се користени:

-статистички прегледи за постигнатиот успех на учениците по наставни предмети од девет општински основни училишта на **крај од првото полугодие во учебната 2018/19 година и крајот од наставната 2018/19 година** (колку ученици постигнале одличен, мн. добар, добар, доволен или недоволен успех, колку биле неоценети), со општ среден успех по одделение за сите ученици и среден успех на ученичките.

Во истражувањето е користен **емпириски-статистички** приод со добиени показатели за средниот успех што го претставуваат нивото на актуелната состојба во постигањата на учениците по наставните предмети кои се предмет на истражувањето за двата различни класификациони периоди.

Постапките што се користени во истражувањето овозможуваат споредба на постигнатите резултати за средниот успех меѓу основните училишта во општина Струмица со опфат на повеќе наставни предмети, така да може да се видат:

-највисокиот и најнискиот постигнат среден успех по наставен предмет и по основно училиште, во еден класификационен период

-највисокиот и најнискиот постигнат среден успех по наставен предмет и по основно училиште, во два класификациони периоди

-споредба на постигнатиот општ среден успех по одделение за сите ученици и средниот успех на ученичките во два класификациони периоди

# 3.АНАЛИЗА И РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

3.1. Табеларни прегледи

3.1.1.МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

| Општинско основно училиште | Полугодие 2018/19 | Крај на наставна 2018/19 |
|---|---|---|
| Сандо Масев-Струмица | 3,67 | 4,06 |
| Видое Подгорец-Струмица | 4,42 | 4,68 |
| Никола Вапцаров-Струмица | 3,40 | 4,02 |
| Маршал Тито-Струмица | 3,06 | 3,35 |
| Маршал Тито-с. Муртино | **2,60** | **2,91** |
| Герас Цунев-с. Просениково | 3,00 | 3,24 |
| Даме Груев-с. Куклиш | 3,58 | 3,84 |
| Св. Кирил и Методиј-с. Дабиље | 4,67 | 5,00 |
| Гоце Делчев-с. Вељуса | 5,00 | 5,00 |
| **Средна вредност за сите ООУ** | *3,71* | *4,01* |

Табела 5. *Споредба на средниот успех* ***по македонски јазик во шесто одделение***

| Општинско основно училиште | Полугодие 2018/19 | Крај на наставна 2018/19 |
|---|---|---|
| Сандо Масев-Струмица | 4,06 | 4,24 |
| Видое Подгорец-Струмица | 4,09 | 4,42 |
| Никола Вапцаров-Струмица | 3,73 | 4,03 |
| Маршал Тито-Струмица | **2,59** | **3,08** |
| Маршал Тито-с. Муртино | 2,85 | 3,19 |
| Герас Цунев-с. Просениково | 2,96 | 3,46 |
| Даме Груев-с. Куклиш | 3,62 | 3,89 |
| Св. Кирил и Методиј-с. Дабиље | 4,19 | 4,56 |
| Гоце Делчев-с. Вељуса | 4,00 | 4,00 |
| **Средна вредност за сите ООУ** | *3,57* | *3,87* |

Табела 6. *Споредба на средниот успех* ***по македонски јазик во седмо одделение***

| Општинско основно училиште | Полугодие 2018/19 | Крај на наставна 2018/19 |
|---|---|---|
| Сандо Масев-Струмица | 3,68 | 3,98 |
| Видое Подгорец-Струмица | 4,21 | 4,45 |
| Никола Вапцаров-Струмица | 3,78 | 4,12 |
| Маршал Тито-Струмица | 2,77 | 3,45 |
| Маршал Тито-с. Муртино | **2,69** | **3,04** |
| Герас Цунев-с. Просениково | 3,70 | 4,13 |
| Даме Груев-с. Куклиш | 3,25 | 3,79 |
| Св. Кирил и Методиј-с. Дабиље | 4,83 | 5,00 |
| Гоце Делчев-с. Вељуса | 5,00 | 5,00 |
| **Средна вредност за сите ООУ** | *3,77* | *4,11* |

Табела 7. *Споредба на средниот успех* ***по македонски јазик во осмо одделение***

| Општинско основно училиште | Полугодие 2018/19 | Крај на наставна 2018/19 |
|---|---|---|
| Сандо Масев-Струмица | 3,43 | 4,06 |
| Видое Подгорец-Струмица | 3,92 | 4,52 |
| Никола Вапцаров-Струмица | 4,11 | 4,35 |
| Маршал Тито-Струмица | **2,49** | **2,77** |
| Маршал Тито-с. Муртино | 3,21 | 3,73 |
| Герас Цунев-с. Просениково | 3,71 | 3,91 |
| Даме Груев-с. Куклиш | 3,29 | 3,69 |
| Св. Кирил и Методиј-с. Дабиље | 4,65 | 5,00 |
| Гоце Делчев-с. Вељуса | 4,50 | 4,71 |
| **Средна вредност за сите ООУ** | *3,70* | *4,08* |

Табела 8. *Споредба на средниот успех по* ***македонски јазик во деветто одд.***

| Општинско основно училиште | VI одд. полуг. | VI одд. крај | VII одд. полуг. | VII одд. крај | VIII одд. полуг. | VIII одд. крај | IX одд. полуг. | IX одд. крај |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| „Сандо Масев“ Струмица | 3,67 | 4,06 | 4,06 | 4,24 | 3,68 | 3,98 | 3,43 | 4,06 |
| „Видое Подгорец“ Струмица | 4,42 | 4,68 | 4,09 | 4,42 | 4,21 | 4,45 | 3,92 | 4,52 |
| „Никола Вапцаров“ Струмица | 3,40 | 4,02 | 3,73 | 4,03 | 3,78 | 4,12 | 4,11 | 4,35 |
| „Маршал Тито“ Струмица | 3,06 | 3,35 | **2,59** | **3,08** | 2,77 | 3,45 | **2,49** | **2,77** |
| „Маршал Тито“ с. Муртино | **2,60** | **2,91** | 2,85 | 3,19 | **2,69** | **3,04** | 3,21 | 3,73 |
| „Герас Цунев“ с. Просениково | 3,00 | 3,24 | 2,96 | 3,46 | 3,70 | 4,13 | 3,71 | 3,91 |
| „Даме Груев“ с. Куклиш | 3,58 | 3,84 | 3,62 | 3,89 | 3,25 | 3,79 | 3,29 | 3,69 |
| „Св. Кирил и Методиј“ с. Дабиље | 4,67 | **5,00** | 4,19 | 4,56 | 4,83 | **5,00** | 4,65 | **5,00** |
| „Гоце Делчев“ с. Вељуса | **5,00** | **5,00** | 4,00 | 4,00 | **5,00** | **5,00** | 4,50 | 4,71 |
| **Средна вредност за сите ООУ** | *3,71* | *4,01* | *3,57* | *3,87* | *3,77* | *4,11* | *3,70* | *4,08* |

Табела 9. *Споредба на средниот успех* ***по македонски јазик од VI-IX одделение на крај од прво полугодие и крај од наставната 2018/19 година***

Анализирајќи ги податоците од табела 5 до табела 8, може да се види дека постигнатиот успех на учениците по македонски јазик има различни вредности како по училиште, така и по класификационен период со истакнати разлики, од најнизок до највисок, односно без значително подобрување или пак со зголемена средна оценка на крајот од двата различни класификациони периоди. Односот на постигнатиот успех по одделенија за сите ООУ, може да се види во табелата 9, при што може да се заклучи дека најнискиот успех по македонски јазик го постигнале учениците од деветто одделение во ООУ „Маршал Тито“-Струмица, со средна оценка од 2,49, а највисок успех со средна оценка 5,00 постигнале учениците од шесто и осмо одделение во ООУ „Гоце Делчев“-с. Вељуса и учениците од шесто, осмо и деветто одделение во ООУ „Св. Кирил и Методиј“-с. Дабиље.

### 3.1.2. МАТЕМАТИКА

| Општинско основно училиште | Полугодие 2018/19 | Крај на наставна 2018/19 |
|---|---|---|
| Сандо Масев-Струмица | 3,96 | 4,12 |
| Видое Подгорец-Струмица | 3,87 | 4,30 |
| Никола Вапцаров-Струмица | 3,97 | 4,04 |
| Маршал Тито-Струмица | 2,69 | 3,30 |
| Маршал Тито-с. Муртино | 3,02 | 3,17 |
| Герас Цунев-с. Просениково | **2,61** | **2,88** |
| Даме Груев-с. Куклиш | 3,58 | 3,85 |
| Св. Кирил и Методиј-с. Дабиље | 4,20 | 4,80 |
| Гоце Делчев-с. Вељуса | 4,70 | 4,67 |
| **Средна вредност за сите ООУ** | *3,62* | ***3,90*** |

Табела 10. *Споредба на средниот успех по* ***математика во шесто одделение***

| Општинско основно училиште | Полугодие 2018/19 | Крај на наставна 2018/19 |
|---|---|---|
| Сандо Масев-Струмица | 3,26 | 3,61 |
| Видое Подгорец-Струмица | 3,71 | 3,72 |
| Никола Вапцаров-Струмица | 3,56 | 3,86 |
| Маршал Тито-Струмица | **2,84** | **3,09** |
| Маршал Тито-с. Муртино | 2,94 | 3,17 |
| Герас Цунев-с. Просениково | 3,26 | 3,35 |
| Даме Груев-с. Куклиш | 3,73 | 4,03 |
| Св. Кирил и Методиј-с. Дабиље | 3,56 | 4,13 |
| Гоце Делчев-с. Вељуса | 3,40 | 4,00 |
| **Средна вредност за сите ООУ** | *3,36* | *3,66* |

Табела 11. *Споредба на средниот успех* ***по математика во седмо одделение***

| Општинско основно училиште | Полугодие 2018/19 | Крај на наставна 2018/19 |
|---|---|---|
| Сандо Масев-Струмица | 3,75 | 3,89 |
| Видое Подгорец-Струмица | 3,97 | 4,26 |
| Никола Вапцаров-Струмица | 3,26 | 3,57 |
| Маршал Тито-Струмица | **2,57** | **3,12** |
| Маршал Тито-с. Муртино | 2,88 | 3,17 |
| Герас Цунев-с. Просениково | 3,35 | 3,70 |
| Даме Груев-с. Куклиш | 3,21 | 3,54 |
| Св. Кирил и Методиј-с. Дабиље | 4,56 | 4,71 |
| Гоце Делчев-с. Вељуса | 5,00 | 5,00 |
| **Средна вредност за сите ООУ** | *3,62* | *3,88* |

Табела 12. *Споредба на средниот успех* ***по математика во осмо одделение***

| Општинско основно училиште | Полугодие 2018/19 | Крај на наставна 2018/19 |
|---|---|---|
| Сандо Масев-Струмица | 3,67 | 4,05 |
| Видое Подгорец-Струмица | 3,63 | 4,17 |
| Никола Вапцаров-Струмица | 3,47 | 4,04 |
| Маршал Тито-Струмица | **2,47** | **2,67** |
| Маршал Тито-с. Муртино | 3,33 | 3,61 |
| Герас Цунев-с. Просениково | 3,44 | 3,71 |
| Даме Груев-с. Куклиш | 2,86 | 3,54 |
| Св. Кирил и Методиј-с. Дабиље | 4,25 | 4,55 |
| Гоце Делчев-с. Вељуса | 4,50 | 4,71 |
| **Средна вредност за сите ООУ** | 3,51 | 3,89 |

Табела 13. *Споредба на средниот успех* ***по математика во деветто одделение***

| Општинско основно училиште | VI одд. полуг. | VI одд. крај | VII одд. полуг. | VII одд. крај | VIII одд. полуг. | VIII одд. крај | IX одд. полуг. | IX одд. крај |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сандо Масев Струмица | 3,96 | 4,12 | 3,26 | 3,61 | 3,75 | 3,89 | 3,67 | 4,05 |
| Видое Подгорец Струмица | 3,87 | 4,30 | 3,71 | 3,72 | 3,97 | 4,26 | 3,63 | 4,17 |
| Никола Вапцаров Струмица | 3,97 | 4,04 | 3,56 | 3,86 | 3,26 | 3,57 | 3,47 | 4,04 |
| Маршал Тито Струмица | 2,69 | 3,30 | **2,84** | **3,09** | **2,57** | **3,12** | **2,47** | **2,67** |
| Маршал Тито с. Муртино | 3,02 | 3,17 | 2,94 | 3,17 | 2,88 | 3,17 | 3,33 | 3,61 |
| Герас Цунев с. Просениково | **2,61** | **2,88** | 3,26 | 3,35 | 3,35 | 3,70 | 3,44 | 3,71 |
| Даме Груев с. Куклиш | 3,58 | 3,85 | 3,73 | 4,03 | 3,21 | 3,54 | 2,86 | 3,54 |
| Св. Кирил и Методиј с. Дабиље | 4,20 | 4,80 | 3,56 | 4,13 | 4,56 | 4,71 | 4,25 | 4,55 |
| Гоце Делчев с. Вељуса | 4,70 | 4,67 | 3,40 | 4,00 | 5,00 | 5,00 | 4,50 | 4,71 |
| **Средна вредност за сите ООУ** | *3,62* | ***3,90*** | *3,36* | *3,66* | *3,62* | *3,88* | 3,51 | 3,89 |

Табела 14. *Споредба на средниот успех* ***по математика од VI-IX одделение на крај прво полугодие и крај од наставната 2018/19 година***

Односот на постигнатиот успех по одделенија за сите ООУ, може да се види во табелата 14, при што може да се заклучи дека во учебната 2018/19 година, најнискиот успех по математика го постигнале учениците од седмо, осмо и деветто одделение во ООУ „Маршал Тито“-Струмица и учениците од шесто одделение во ООУ „Герас Цунев“-Просениково. Највисок успех постигнале учениците од осмо одделение во ООУ „Гоце Делчев“-с. Вељуса, со средна оценка од 5,00.

### 3.1.3. АНГЛИСКИ ЈАЗИК

| Општинско основно училиште | Полугодие 2018/19 | Крај на наставна 2018/19 |
|---|---|---|
| Сандо Масев-Струмица | 3,76 | 4,12 |
| Видое Подгорец-Струмица | 4,33 | 4,60 |
| Никола Вапцаров-Струмица | 4,36 | 4,53 |
| Маршал Тито-Струмица | 2,92 | 3,30 |
| Маршал Тито-с. Муртино | 2,89 | 3,11 |
| Герас Цунев-с. Просениково | **2,68** | **3,00** |
| Даме Груев-с. Куклиш | 4,08 | 3,93 |
| Св. Кирил и Методиј-с. Дабиље | 4,67 | 4,87 |
| Гоце Делчев-с. Вељуса | 4,00 | 4,33 |
| **Средна вредност за сите ООУ** | 3,74 | 3,98 |

Табела 15. *Споредба на средниот успех* ***по англиски јазик во шесто одделение***

| Општинско основно училиште | Полугодие 2018/19 | Крај на наставна 2018/19 |
|---|---|---|
| Сандо Масев-Струмица | 3,40 | 3,69 |
| Видое Подгорец-Струмица | 4,15 | 4,49 |
| Никола Вапцаров-Струмица | 4,27 | 4,39 |
| Маршал Тито-Струмица | 3,16 | 3,19 |
| Маршал Тито-с. Муртино | 2,80 | 3,26 |
| Герас Цунев-с. Просениково | **2,78** | **3,23** |
| Даме Груев-с. Куклиш | 4,11 | 4,11 |
| Св. Кирил и Методиј-с. Дабиље | 3,94 | 4,50 |
| Гоце Делчев-с. Вељуса | 3,60 | 3,80 |
| **Средна вредност за сите ООУ** | 3,58 | 3,85 |

Табела 16. *Споредба на средниот успех* ***по англиски јазик во седмо одделение***

| Општинско основно училиште | Полугодие 2018/19 | Крај на наставна 2018/19 |
|---|---|---|
| Сандо Масев-Струмица | 3,87 | 4,11 |
| Видое Подгорец-Струмица | 4,78 | 4,84 |
| Никола Вапцаров-Струмица | 3,67 | 3,91 |
| Маршал Тито-Струмица | 3,25 | 3,43 |
| Маршал Тито-с. Муртино | **2,92** | **3,23** |
| Герас Цунев-с. Просениково | 3,87 | 4,09 |
| Даме Груев-с. Куклиш | 3,64 | 3,71 |
| Св. Кирил и Методиј-с. Дабиље | 4,78 | 4,88 |
| Гоце Делчев-с. Вељуса | 4,67 | 5,00 |
| **Средна вредност за сите ООУ** | 3,94 | 4,13 |

Табела 17. *Споредба на средниот успех* ***по англиски јазик во осмо одделение***

| Општинско основно училиште | Полугодие 2018/19 | Крај на наставна 2018/19 |
|---|---|---|
| Сандо Масев-Струмица | 3,50 | 4,00 |
| Видое Подгорец-Струмица | 4,32 | 4,65 |
| Никола Вапцаров-Струмица | 3,88 | 4,29 |
| Маршал Тито-Струмица | **3,09** | **3,23** |
| Маршал Тито-с. Муртино | 3,33 | 3,61 |
| Герас Цунев-с. Просениково | 3,82 | 3,88 |
| Даме Груев-с. Куклиш | 3,69 | 3,77 |
| Св. Кирил и Методиј-с. Дабиље | 4,20 | 4,55 |
| Гоце Делчев-с. Вељуса | 4,50 | 3,71 |
| **Средна вредност за сите ООУ** | 3,70 | 3,97 |

Табела 18. *Споредба на средниот успех* ***по англиски јазик во деветто одделение***

| Општинско основно училиште | VI одд. полуг. | VI одд. крај | VII одд. полуг. | VII одд. крај | VIII одд. полуг. | VIII одд. крај | IX одд. полуг. | IX одд. крај |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сандо Масев Струмица | 3,76 | 4,12 | 3,40 | 3,69 | 3,87 | 4,11 | 3,50 | 4,00 |
| Видое Подгорец Струмица | 4,33 | 4,60 | 4,15 | 4,49 | 4,78 | 4,84 | 4,32 | 4,65 |
| Никола Вапцаров Струмица | 4,36 | 4,53 | 4,27 | 4,39 | 3,67 | 3,91 | 3,88 | 4,29 |
| Маршал Тито Струмица | 2,92 | 3,30 | 3,16 | 3,19 | 3,25 | 3,43 | 3,09 | 3,23 |
| Маршал Тито с. Муртино | 2,89 | 3,11 | 2,80 | 3,26 | 2,92 | 3,23 | 3,33 | 3,61 |
| Герас Цунев с. Просениково | **2,68** | 3,00 | 2,78 | 3,23 | 3,87 | 4,09 | 3,82 | 3,88 |
| Даме Груев с. Куклиш | 4,08 | 3,93 | 4,11 | 4,11 | 3,64 | 3,71 | 3,69 | 3,77 |
| Св. Кирил и Методиј с. Дабиље | 4,67 | 4,87 | 3,94 | 4,50 | 4,78 | 4,88 | 4,20 | 4,55 |
| Гоце Делчев с. Вељуса | 4,00 | 4,33 | 3,60 | 3,80 | 4,67 | **5,00** | 4,50 | 3,71 |
| **Средна вредност за сите ООУ** | 3,74 | 3,98 | 3,58 | 3,85 | 3,94 | 4,13 | 3,70 | 3,97 |

Табела 20. *Споредба на средниот успех* ***по англиски јазик од VI-IX одделение на крај од прво полугодие и крај од наставната 2018/19 година***

Односот на постигнатиот успех по одделенија за сите ООУ, може да се види во табела 20, при што може да се заклучи дека во учебната 2018/19 година, најнискиот успех по англиски јазик го постигнале учениците од шесто одделение во ООУ „Герас Цунев“-с. Просениково, со средна оценка од 2,68, а највисок успех постигнале учениците од деветто одделение во ООУ „Гоце Делчев“-с. Вељуса, со средна оценка од 5,00.



3.1.4. ИСТОРИЈА

| Општинско основно училиште | Полугодие 2018/19 | Крај на наставна 2018/19 |
|---|---|---|
| Сандо Масев-Струмица | 3,53 | 4,04 |
| Видое Подгорец-Струмица | 4,99 | **5,00** |
| Никола Вапцаров-Струмица | 3,58 | 4,10 |
| Маршал Тито-Струмица | 2,92 | 3,02 |
| Маршал Тито-с. Муртино | 2,83 | 3,02 |
| Герас Цунев-с. Просениково | **2,59** | 3,02 |
| Даме Груев-с. Куклиш | 3,70 | 3,85 |
| Св. Кирил и Методиј-с. Дабиље | 4,73 | 4,80 |
| Гоце Делчев-с. Вељуса | 4,33 | 4,33 |
| **Средна вредност за сите ООУ** | 3,69 | 3,91 |

Табела 21. *Споредба на средниот успех по* ***историја во шесто одделение***

| Општинско основно училиште | Полугодие 2018/19 | Крај на наставна 2018/19 |
|---|---|---|
| Сандо Масев-Струмица | 3,23 | 3,63 |
| Видое Подгорец-Струмица | 4,31 | **4,62** |
| Никола Вапцаров-Струмица | 3,66 | 4,19 |
| Маршал Тито-Струмица | **2,76** | 3,08 |
| Маршал Тито-с. Муртино | 2,89 | 3,04 |
| Герас Цунев-с. Просениково | 3,15 | 3,23 |
| Даме Груев-с. Куклиш | 3,68 | 3,84 |
| Св. Кирил и Методиј-с. Дабиље | 3,38 | 4,19 |
| Гоце Делчев-с. Вељуса | 3,40 | 3,40 |
| **Средна вредност за сите ООУ** | 3,38 | 3,69 |

Табела 22. *Споредба на средниот успех* ***по историја во седмо одделение***

| Општинско основно училиште | Полугодие 2018/19 | Крај на наставна 2018/19 |
|---|---|---|
| Сандо Масев-Струмица | 3,60 | 3,85 |
| Видое Подгорец-Струмица | 4,60 | 4,78 |
| Никола Вапцаров-Струмица | 3,60 | 4,15 |
| Маршал Тито-Струмица | **2,77** | 3,47 |
| Маршал Тито-с. Муртино | 2,96 | 3,21 |
| Герас Цунев-с. Просениково | 3,96 | 3,96 |
| Даме Груев-с. Куклиш | 3,00 | 3,36 |
| Св. Кирил и Методиј-с. Дабиље | 4,78 | 4,82 |
| Гоце Делчев-с. Вељуса | **5,00** | **5,00** |
| **Средна вредност за сите ООУ** | 3,81 | 4,07 |

Табела 23. *Споредба на средниот успех* ***по историја во осмо одделение***

| Општинско основно училиште | Полугодие 2018/19 | Крај на наставна 2018/19 |
|---|---|---|
| Сандо Масев-Струмица | 3,45 | 3,97 |
| Видое Подгорец-Струмица | 4,41 | **4,79** |
| Никола Вапцаров-Струмица | 3,56 | 4,17 |
| Маршал Тито-Струмица | **2,58** | 2,84 |
| Маршал Тито-с. Муртино | 3,18 | 3,52 |
| Герас Цунев-с. Просениково | 3,26 | 3,62 |
| Даме Груев-с. Куклиш | 3,40 | 3,74 |
| Св. Кирил и Методиј-с. Дабиље | 4,15 | 4,56 |
| Гоце Делчев-с. Вељуса | 4,63 | 4,71 |
| **Средна вредност за сите ООУ** | 3,62 | 3,99 |

Табела 24. *Споредба на средниот успех по* ***историја во деветто одделение***

| Општинско основно училиште | VI одд. полуг. | VI одд. крај | VII одд. полуг. | VII одд. крај | VIII одд. полуг. | VIII одд. крај | IX одд. полуг. | IX одд. крај |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сандо Масев Струмица | 3,53 | 4,04 | 3,23 | 3,63 | 3,60 | 3,85 | 3,45 | 3,97 |
| Видое Подгорец Струмица | 4,99 | **5,00** | 4,31 | **4,62** | 4,60 | 4,78 | 4,41 | **4,79** |
| Никола Вапцаров Струмица | 3,58 | 4,10 | 3,66 | 4,19 | 3,60 | 4,15 | 3,56 | 4,17 |
| Маршал Тито Струмица | 2,92 | 3,02 | **2,76** | 3,08 | **2,77** | 3,47 | **2,58** | 2,84 |
| Маршал Тито с. Муртино | 2,83 | 3,02 | 2,89 | 3,04 | 2,96 | 3,21 | 3,18 | 3,52 |
| Герас Цунев с. Просениково | **2,59** | 3,02 | 3,15 | 3,23 | 3,96 | 3,96 | 3,26 | 3,62 |
| Даме Груев с. Куклиш | 3,70 | 3,85 | 3,68 | 3,84 | 3,00 | 3,36 | 3,40 | 3,74 |
| Св. Кирил и Методиј с. Дабиље | 4,73 | 4,80 | 3,38 | 4,19 | 4,78 | 4,82 | 4,15 | 4,56 |
| Гоце Делчев с. Вељуса | 4,33 | 4,33 | 3,40 | 3,40 | **5,00** | **5,00** | 4,63 | 4,71 |
| **Средна вредност за сите ООУ** | 3,69 | 3,91 | 3,38 | 3,69 | 3,81 | 4,07 | 3,62 | 3,99 |

Табела 25. *Споредба на средниот успех* ***по историја од VI-IX одделение на крај од прво полугодие и крај од наставната 2018/19 година***

Односот на постигнатиот успех по одделенија за сите ООУ, може да се види во табела 25, при што може да се констатира дека во учебната 2018/19 година, најнискиот успех по историја го постигнале учениците од деветто одделение во ООУ „Маршал Тито“-Струмица, со средна оценка од 2,58, а највисок успех постигнале учениците од шесто одделение во ООУ „Видое Подгорец“-Струмица и од осмо одделение во ООУ „Гоце Делчев“-с. Вељуса, со средна оценка од 5,00.



## 4. Законот за основно образование** и оценувањето

Истражувањето е спроведено во периодот кога за постигањата на учениците важеа одредбите од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017), каде во членот 65 беше утврдено дека: (1) Постигањата на учениците во основното училиште се оценуваат описно и бројчано. (2) Во првиот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се оценува описно. (3) Ученикот од ставот (2) на овој член само на крајот на учебната година добива свидетелство со описни оценки. (4) Во вториот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се оценува описно и бројчано. (5) Ученикот од ставот (4) на овој член на крајот на прво полугодие добива известување за успехот со бројчани оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех, освен ученикот од шесто одделение кој добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех (6) Во третиот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се оценува бројчано. (7) Ученикот од ставот (6) на овој член на крајот на прво полугодие добива известување за успехот со бројчани оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех.
(8) Општиот успех на ученикот се утврдува врз основа на годишните оценки од сите предмети според наставниот план на крајот на годината, а за учениците упатени на поправен испит по завршувањето на поправните испити“.

Во членот 66 од ЗОО беше утврдено дека: „Оценувањето на ученикот е според стандарди кои ги утврдува министерот, на предлог на Бирото“.

## 5. Наставните програми*** и оценувањето на постигањето на учениците

### *5.1. Наставна програма по математика за шесто одделение*

Темите од наставната програма се дадени со примери на активности преку коишто можат да се постигнат, како и со потребните материјали за нивна реализација. Секоја тема се реализира постапно и развојно во два периоди во текот на наставната година. Спиралниот приод овозможува во процесот на учењето да се започне со она што учениците го знаат и постепено да се надградува и проширува знаењето на учениците.

За да се оценат постигањата на ученикот неопходно е: да се направи согледување на претходните искуства, знаења и вештини на учениците, да се разговара со ученикот за да се добијат сознанија за неговото логичко размислување, степенот на разбирање и оспособеноста да го примени стекнатото знаење, континуирано утврдување и проверка на стекнатите знаења, способности и вештини. Во текот на учебната година треба да се реализираат четири задолжителни писмени проверки на постигнатоста на целите, по две во секое полугодие. Писмените работи треба да содржат задачи од сите тежински нивоа: со понудени одговори, со дополнување и со целосна постапка на решавање. Во текот на наставната година се применува комбинирано оценување (описно и бројчано), а на полугодието и на крајот на учебната година ученикот се оценува со бројчана оценка.



### *5.2. Наставна програма по природни науки за шесто одделение*

-Во наставната програма за шесто одделение има шест теми кои овозможуваат постапност во изучувањето на наставните содржини од биологија, хемија и физика.

Активностите и ресурсите (средствата и материјалите) се предложени според дадените цели на учење за да прикажат можни методи и активности за успешна реализација на програмата.

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата (промените) на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување), со цел да се воспостават врските помеѓу учењето, поучувањето и оценувањето. Следењето на постигањата на учениците е составен дел на планирањето на наставата и на учењето. Оценувањето треба да се базира врз користење на повеќе различни методи за да се намалуваат слабостите и за да се земаат предвид различните стилови и предиспозиции за учење на учениците. Притоа, проверувајќи го напредокот во постигањата на учениците, наставникот може да ги насочува учениците кон поставените цели на наставата. Оценувањето треба да биде праведно, т.е. да се спроведува непристрасно, како при вреднувањето на постигањата, така и при интерпретацијата и користењето на резултатите. Оценувањето треба да се врши транспарентно, што подразбира дека учениците треба точно да знаат кои се целите на наставата, кои се очекуваните постигања и како тие постигања ќе се оценуваат. Тоа значи дека учениците треба да знаат зашто и што треба да научат и што, како и кога ќе се оценува. Учениците и родителите континуирано треба да имаат увид во оценувањето. Начини на проверување и оценување: усни одговори на прашања поставени од наставникот или од ученици, разговор меѓу наставникот и учениците и разговор меѓу учениците; писмени извештаи на податоци од истражувањата; практична изведба (вежби, моделирање, изработка на цртежи, скици, други графички материјали, примена на формули и сл.); проектна работа (набљудување, предвидување, собирање податоци и објекти, мерења, запишување и прикажување на податоците, презентирање); работа во група. Други средства и постапки за следење и оценување: разговор-дијалог наставник-ученик; контролни листови, тестови на знаења; домашни работи; чек листи. Постигањата на учениците во текот на наставната година се оценуваат описно и бројчано, при што бројчана оцена учениците добиваат на крајот на првото полугодие и на крајот учебната година.

*5.3.Наставна програма по историја за шесто одделение*

Според поставените цели на наставната програма по историја наставникот во текот на наставниот процес редовно ги следи и вреднува знаењата и постигањата на учениците и ги прибира показателите за нивните активности, потоа мотивираноста за учење, оваа компонента е основен и составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето. За проверување и оценување на постигањата на учениците во рамките на наставниот материјал и наставните теми дадени во наставната програма, наставникот треба да ги има предвид следниве компоненти: начин на проверување и оценување: усно излагање; презентација; други средства и постапки за следење и оценување: наставни ливчиња; ученички квиз; играње на улоги. Постигањата на учениците во текот на годината се оценуваат со описна оценка, а на крајот се изведува бројчана оценка.

*5.4. Наставна програма по англиски јазик за шесто одделение*

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување). Секоја активност на часот при која учениците ја искажуваат јазичната активност, било на рецептивно, репродуктивно или продуктивно ниво, дава можност за воочување на напредокот и негово вреднување. Тоа значи дека евалвацијата се врши како



интегрален дел на самиот наставен час, а не како изолиран чин. Многу е важно при постапките на проверка на знаењето, како и оценувањето на ученикот, тие постапки да не се разликуваат од вообичаените активности на часот, односно учениците не треба посебно да се издвојуваат од

групата при проверката на усното јазично реагирање. Битно е поголем акцент да се стави на позитивните аспекти на напредокот на учениците, т.е. на она што ученикот го знае, а не она што не го знае. Важно е секој напредок да се награди соодветно, бидејќи на младите ученици им е потребна повратна информација за остварениот успех, што може да биде усна пофалба или позитивна реакција изразена преку гест или мимика или, пак, со насмевка од страна на наставникот, нацртан цвет и сл. Вреднувањето на напредокот на учениците ќе се врши описно во текот на училишната година при што наставникот има обврска во посебна тетратка континуирано да води забелешки за секој ученик посебно за неговото напредување согласно компонентите на јазикот предвидени со наставната програма за шесто одделение. Со цел на родителите да им се овозможи увид во напредувањето на нивните деца и во нивниот процес на учење пожелно е да се воведе Европско јазично портфолио кое придонесува учениците да ја развијат свеста како учесници во наставниот процес. Портфолиото ги води кон сфаќање на учењето како процес на стекнување на знаења и вештини во кој активно учествуваат. Притоа ги поттикнува на размислување за успешните стратегии на учење, за проценка на постигнатите знаења и вештини, како и за индивидуалните желби и планови за напредување и учење на странскиот јазик. На крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година, учениците ќе бидат оценети со бројчана оценка.

6.Годишните програми на училиштата и оценувањето на учениците****

Училиште 1.

Во наведените подрачја на промени, приоритети и цели, има посебна точка 1.3. како развојна цел, во која е поставена тема: Подобрување на објективноста во оценувањето

**Во делот на конкретни цели и задачи, во акциониот план** се поставени неколку рубрики, меѓу кои: „да се следи и вреднува реализацијата на училишното планирање на оценување на постигањата, преку изготвување инструменти за следење и вреднување, изготвување на критериуми за оценување на постигањата по наставни предмети на ниво на активи, посета на часови; разговори пред часовите и по часовите; анкетирање на ученици, родители и наставници. анализа и интерпретација на добиените резултати од следењето и вредувањето, изготвување извештај од примената на училишното оценување на постигањата на учениците.

Во делот на годишната програма „видови оценување и календар на оценувањето“ се поставени неколку тези: *„преку сумативното оценување, процесот на следење на учениците и сопствената работа во текот на учебната година се вреднува со цел да се информираат учениците и родителите за нивниот напредок и постигања како и да ја вреднуваат наставниците сопствената работа. При тоа наставниците користат многу техники и инструменти кои го овозможуваат тој процес на оценување и придонесуваат за неговата објективност.*

*Оценувањето е процес на собирање и интерпретирање на информации за учењето и постигањата на учениците кои што се користат за* ***информирање*** *на учениците и нивните родители за напредокот во совладувањето на знаењата, способностите и ставовите,* ***обезбедување подршка*** *на наставниците* ***да ја модификуваат*** *својата настава,* ***информирање*** *на други надлежни структури коишто донесуваат одлуки за образовната политика што се однесува на учениците.*



*Досегашната пракса покажува дека има потреба од промена во училишната политика во системот за следење, вреднување и оценување. Со примена на Стандардите за оценување на постигањата на учениците преку стручните активи, годишните, тематските и дневни*

*планирања на наставниците, планирањето на директороти стручните работници, подобрувањето на континуитетот на оценување и примена на критериуми за оценување по сите наставни предмети, стручно усовршување на наставниот кадар за примена на соодветни методи и техники како и изготвување на разновидни инструменти за следење и оценување на постигањата на ученици ќе се промени и унапреди не само оценувањето туку и учењето и наставниот процес“.*

Во годишната програма на ова училиште е предвидено: *„Тимот за следење, анализа и подршка на оценувањето постигањата на учениците оваа учебна година ќе го сочинуваат: директорот на училиштето, еден стручен соработник, четири наставници (двајца од предметна и двајца од одделенска настава), претседател на Советот на родители и претседател на Ученичката заедница“.*

Во посебна точка од програмата, во делот за ученичката заедница е предвидено дека посебно внимание ќе се посвети на *„подобрување на успехот преку давање помош на послабите ученици“.*

Како општ заклучок во делот на постигањата на учениците во ова училиште е одредено дека: *„Со примена на современи форми, методи, техники во работата, примената на ИКТ во наставата, искуствата и сознанијата стекнати од советувања и обуки овозможија високи постигнувања на учениците, подобрување на оценувањето на истите а воедно и подигање квалитетот на наставата“.*Тој заклучок се должи на постигнатиот среден успех на учениците од IV-IX одделение во последните три учебни години: во учебната 2015/16 изнесува 4,49; во учебните 2016/17 и 2017/18 изнесува 4,69.

Во една од програмските содржини од прилогот кон годишната програма на училиштето во „програма на директорот“ е одредено дека директорот ќе изврши *„увид во одделенските дневници со нагласок за оценувањето и примена на формите на оценувањето на занаењата на учениците“* и дека *„ќе изврши упатување на наставниците во правилно користење на формите на оценување“.*

Во прилозите кон годишната програма на училиштето, кои се доставени од училишниот психолог и педагог има програмски содржини кои се однесуваат на оценувањето на постигањата на учениците, како што се: „к*онсултации со наставници за соодветни методи за оценување и документирање на постигања на учениците“, „следење на описното оценување на учениците во прво, второ и трето одделение“, „иницирање и учество (заедно со наставниците) во процесот на подигнување на квалитетот и нивото на подигнување на ученичките знаења и умеења (да се намали бубањето, да не се остане само на ниво на репродуцирање туку оспособување на учениците да решаваат проблеми, практично да ги применуваат знаењата во различни ситуации, да се достигне нивото на анализа, синтеза и евалуација – Блум)“, „следење на постапките на оценувањето на учениците и давање помош и поддршка на наставниците“ и други.*

Во прилозите кон годишната програма на училиштето, кои се доставени од стручните активи, предвидени се програмски содржини кои се однесуваат на оценувањето на учениците, како што се: *„Согледување од оценувањето на учениците (форми и критериуми на оценување, ниво на потребно знаење за одредена оценка)“.*



Училиште 2.

Редовното оценување на напредокот и постигнувањата на учениците е составен дел од учењето и напредокот на училиштето. Голема е разноликоста од активности со кои се оценува ученикот. Оценувањето на ученикот е комплексна работа која влијае врз ученикот и наставникот. Истото треба да го разбереме како следење на напредокот на ученикот при што ни дава информација за постигнатите поставени цели, со што дава повратна информација на наставникот за неговата работа.

Во училиштето може да се користат различни оценувачки активности кои пак се дефинирани на следниве принципи:

-Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците.

-Училиштето има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик,

-Можност за напредок-приодите во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобрат постигањата.

-Сите наставници користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците.

-Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.)

-Оценувањето е од отворен тип и е јавно.

-Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата.

-Голем акцент се става на вреднување на тековните постигања на учениците и на идентификување на идните активности што ќе се применуваат во учењето и поучувањето.

-Наставниците целосно ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата.

Во училиштето постои интерно оценување на постигнувањата на учениците кое се одвива континуирано во текот на целата учебна година со анализи на состојбите во четири класификациони периоди.

Постигањата на учениците во училиштето се оценуваат описно и бројчано. Во првиот период (I до III одд) се оценува описно, во вториот период (IV-VI одд) постигањата на ученикот по задолжителни и изборни предмети се оценуваат описно и бројчано(на крајот на првото полугодие и крајот на учебната година оценувањето е бројчано, а по класификационите периоди-тромесечја описно). Учениците од третиот период (VII-IX одд) се оценуваат бројчано со оценки од (1) до (5).

Анализите се однесуваат на следните педагошки појави: општ успех по предмети, редовност на учениците и поведението на учениците (прилог XVIII акциски план за оценување).

Во точка 11 дел поддршка на ученици, стои *„Стручните активи во својата програма за работа имаат планирано реализација на нагледни часови со користење на методи на активна настава и ефективни инструменти за оценување на знаењата на учениците“.*

Во точка XVII, како прилог е поставен „Акциски план на активностите за оценување“, но прилогот го нема како документ.

Во програмата за работа на директорот е одредено дека ќе врши *„Анализа на состојбата на оценувањето во училиштето“.*

Училиште 3.

Во точка 10 е поставена одредба за оценувањето: *„Во училиштето оценувањето се врши по тромесечија – описно од 1-3 одд, комбинирано во 4, 5 и 6 одд, и бројчано во 7 и 8 и 9 одделение. Во почетокот на учебната година секој наставник прави план за писмено оценување почитувајки ги законските ограничувања (дневно најмногу по едно, а седмично по две писмени работи). Оценувањето е согласно дадените стандарди за оценување, критериуми за оценување кои ги изработува секој наставник по секој наставен предмет, определување на процентот со кој секоја тема од наставната програма ќе учествува во формирање на оценката, изработка на табели за спецификација по сите наставни предмети, како и застапеност на формативно следење и оценување и изведување на сумативна оценка“.*

Постигањата на учениците во изминатите години последователно бележеше зголемување на успехот, со исклучок на учебната 2014/15 година каде имаше опаѓање .

Наставничкиот совет има содржинска форма во делот на *„Поддршка на училишната политика во системот на следење, проверување и оценување“.*

Стручните активи ќе вршат *„Усогласување на критериумите за планирање на наставата и за оценување на постигањата на учениците“, „Размена на искуства меѓу активите од примена на различни методи во оценувањето“,*

Директорот ќе врши *увид во примената на стандардите за оценување на учениците од страна на наставниците,*

Во програмата за професионален развој стои: *„Користење инструменти за оценување, дијагностицирање на слабите страни во учењето, евидентирање, напредувањето и давање позитивна и конструктивна повратна информација и насоки за понатамошно учење“, „Оспособување на учениците за самооценување и планирање на сопственото учење“,*

Училиште 4.

Во целите е предвидено *„Зголемување на мотивацијата на учениците за учење и постигнување“, со предвидени активности Примена на* протоколи за следење,

Оценувањето е процес на собирање и интерпретирање на информации за учењето и постигањата на учениците, кои се користат за:

- информирање на учениците и на нивните родители за напредокот во совладувањето на знаењата, способностите и ставовите.
- обезбедување поддршка на наставниците за да ја модификуваат својата настава.

Оценувањето претставува составен ден на учењето и на наставата. Постои јасна врска меѓу целите и содржините на наставата и оценувањето, меѓу она што се учи и поучува и она што се оценува. Од исходите на оценувањето зависи како ќе се одвива наставата и како ќе се оценува. Оценувањето треба да биде сеопфатно, треба да ги вклучува когнитивните знаења и да ги зема предвид и емоционалните и социјалните димензии на учењето. Оценувањето игра клучна улога во создавањето на климата на часот. Затоа, постапките во оценувањето треба да бидат правични и транспарентни.

Во ООУ учениците од I до III одделение се оценуваат описно, учениците од IV, V и VI одделение се оценуваат описно и бројчано, а учениците од VII до IX одделение се оценуваат бројчано. Согласно законските ограничувања, секој наставник од одделенска и предметна настава изготвува план за писмено оценување, како и критериуми и стандарди за оценување, прилагодени на својот наставен предмет. Стручната служба на крајот на секое тримесечје прави анализа на состојбите во оценувањето, споредбено со извештаи station наназад за 3 години, како и анализа на состојбата на постигнатите резултати на наставниците.

Во програмата на стручните активи е одредено - *„Утврдување на наставни форми за следење, проверување и оценување на стекнатите знаења, - Примена на критериуми и стандарди за оценување, - Воведување на иновации во наставата“.*

7.Годишните извештаи на училиштата и оценувањето на учениците

Училиште 1.

Во учебната 2018/2019 година средниот успех на ниво на училиште изнесува 3,99 и е речиси ист со минатата 2017/18 година, кога изнесуваше 3,98.
Од вкупно 1177 ученика на крајот на учебната година со успех го завршиле одделението 1130, упатени на одделенски испит се 47, од кои 44 ученици го повторуваат одделението, а 3 ученици поминаа во наредното одделение.

Во извештајот на педагогот стои: Непосредно следење на воспитно-образовната работа во училиштето, Се следеше редовноста на учениците со цел намалување на неоправданите изостаноци на учениците , а со тоа и подобрување на редовноста и успехот на учениците.
Следење на оценувањето.

Училиште 2.

Во однос на минатата учебна година кај учениците од македонска националност успехот кај некои предмети е опаднат, а по некои е зголемен. Средниот успех на учениците кои наставата ја следат на македонски јазик е 4.10 и истиот е незначително намален од минатата учебна година кога тој бил 4.12 (- 0.02). Средниот успех по предметите кои се изучуваат на турски наставен јазик не може да се спореди во однос на минатата учебна година, бидејќи и двајцата ученици се описно оценети. Минатата учебна тој бил 3.63 .

ЗАКЛУЧОК

Прикажаните табеларни прегледи со средниот успех на учениците во општински основни училишта, податоците од годишните програми и извештаи на училиштата и податоците од наставните програми, кои се однесуваат на оценувањето и постигањата на учениците, покажуваат дека во различни училишта за исти наставни предмети, постои голема разлика во покажаниот среден успех, како на крајот од првото полугодие, така и на крајот од наставната година. Во дел од годишните програми на училиштата се поставени планирани активности за оценувањето на учениците (истражувања, анализи, мерки, цели, носители), но во дел од годишните извештаи, освен табеларните прегледи, не постојат суштински показатели колку од планираното во годишните програми е остварено, со аналитички пристап кон покажаните резултати од постигањата на учениците, или кои мерки од наставниците биле преземени за подобрување на успехот (методи, форми, постапки), каква соработка е остварена со родителите и сл.

За постигнување на подобри резултати, подобар квалитет и поставување цели за приоритети, во секоја училишна средина треба да се даде посебна улога на посветеноста на формативното и сумативното оценување, како од страна на наставниците, така и од страна на учениците. Тоа го очекуваат и родителите, нивните деца да постигнуваат подобри резултати во знаењето, а оценувањето да биде оценување за учење.

**Оценувањето за учење е секое оценување чиј приоритет во неговиот концепт и практика е да и служи на целта на промовирање на учењето на учениците.** Тоа на тој начин се разликува од оценувањето засновано примарно да им служи на целите на давањето критички осврт, или на рангирањето или на потврдувањето на компетентноста за оценување. Доколку наставата се прилагоди да ги задоволи потребите за учење, показателите ќе го обележат формативното оценување. Имајќи го предвид фактот дека тие показатели се собираат за да се промовира учењето, нивното користење мора да биде конзистентно со воспоставените принципи за ефективно учење кое се резимира како **метод на запознавање со она што ученикот тековно го разбира, активно вклучување на ученикот во процесот на учењето, развивањето на разбирањето кај ученикот за целите и критериумите на ефективното учење и промоција на заедничко учење, односно учење преку дискусија.** Повратните информации од страна на наставникот секако дека треба да бидат мотивирачки, афирмативни и да ја јакнат личноста на ученикот за сопствено залагање и подготвени да ги прифатат новите предизвици, а секако и да учат од неуспехот. Кои услови и околности влијаеле за добиените резултати, е предизвик како за сите стручни активи, така и за советите на одделенските,

предметните наставници и наставничките совети во училиштата, да извршат поцелосна анализа и донесат свои заклучоци и препораки за унапредување на средината за учење и реализацијата на секојдневната воспитно-образовна работа, особено во делот на постигнувањата на учениците.

Општина Струмица, како основач на општинските основни и средни училишта во својата образовна политика, има интерес да ја согледува реалната состојба за постигањата на учениците, прикажана преку споредбата на средниот успех од наставните предмети предвидени во наставниот план, особено поради фактот што за одреден класификационен период се добива поширока слика со споредбени показатели за постигнатиот успех на учениците во сите основни училишта на територијата на општината, овозможувајќи корисни податоци на сите засегнати страни во воспитно-образовниот процес.

## 5. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

*Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019)*

*Закон за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/18)*

*Зборник на трудови, Меѓународна конференција „Оценување за учење во 21-от век“, (2011;Охрид) Скопје, Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО),*

*Критериуми за оценување на постигањата на учениците и стандарди за оценување со листи на очекувани резултати според нивоата на Блумовата таксономија за секој поединечен наставен предмет по наставни теми (Биро за развој на образованието-Скопје)*

Забелешки:

*Закон за основното образование(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019)

**Законот за основно образование, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/18)

***Наставниот план и програми во основното училиште се изработуваат според трите воспитно-образовни периоди (во натамошниот текст: периоди), и тоа: од прво до трето одделение, од четврто до шесто одделение и од седмо до деветто одделение.

**** презентираните текстови од Годишните програми и извештаи на училиштата се преземени интегрално од оригиналните примероци доставени до Советот на општина Струмица во периодот на донесувањето во месец август-септември 2018 и 2019 година

С О Д Р Ж И Н А:


| | |
|---|---|
| *Вовед* ......................................................................................... | 2 |
| *Методологија на истражувањето* .............................................. | 4 |
| *Предмет на истражувањето* ........................................... | 4 |
| *Целна група* ......................................................................... | 4 |
| *Цели на истражувањето* ............................................................ | 6 |
| *Користени инструменти во истражувањето* ............................. | 6 |
| *Анализа и резултати од истражувањето* ................................... | 7 |
| *Законот за основно образование и оценувањето* | 19 |
| *Наставните програми и оценувањето* | 19 |
| *Извадоци од училишните документи за оценувањето* ................ | 21 |
| *Заклучок* ........................................................................... | 26 |
| *Користена литература* ................................................................ | 27 |
| *Прилози:*<br>*Табеларни прегледи на број на ученици по пол, од шесто до деветто одделение на крај од прво полугодие и крај на наставна 2018/19 година*<br>*Табеларни прегледи за споредба на среден успех на учениците од шесто до деветто одделение на крај од прво полугодие и крај на наставна 2018/19 година* | |


Изработил: Зоран Узунов, општински просветен инспектор

Одобрил: Коста Јаневски, Градоначалник на Општина Струмица

Струмица, јануари 2020 година